## МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЈА ЗАОКРУЖИ ГОДИНАТА

# ОБЕЗБЕДЕН ПРОСТОР ЗА ВЕНЕЦИЈАНСКОТО БИЕНАЛЕ

КАТЕРИНА БОГОЕВА



Венеција

Министерството за култура крајот на оваа година пред медиумите ја заврши со малку текст, без голема прес - конференција за минатите активности и идните планови, најавувајќи го единствено со големо задоволство учеството на државата на годинешното Венецијанско биенале. Иако не е познат ликовниот уметник и проектот кој ќе не презентира, обезбеден е просторот во кое делото ќе биде поставено, куќа на плоштадот Сан Стефано донација на господинот Мазлум Асан РОДЕН дебарчанец. Тој и во текот на 2001 година учествуваше со ваков вид на помош во културата, кога Македонија последен пат учествуваше на оваа позната манифестација. Најавен од страна на државниот секретар Горјан Тозија како доброчинител и ретка мецена, господинот Асан потенцира декас веќе 12 години се занимава со бизнис од градежништвото и дека својот интерес за оваа манифестација го пројавил за првпат во 1997 година, обезбедувајќи годинава простор од 35-36 метри квадратни во приземјето, и два ката кои ќе бидат искористени според потребата на избраниот проект.

Жирито кое до 20 јануари треба да го одбере годинешниот добитник го сочинуваат Владимир Величковски, Конча Пирковска и Гоце Божурски а во конкуренција се проектите “Бланк месиц“ на Искра Димитрова, “Кино Напредок“ на Томе Ациевски и Станко Павлевски, “Премин“ на Вана Урошевиќ и “Интегрализми“на Жанета Вангели.